КОВИД-19 ИМУНОМЕТАР

МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ **АПРИЛ 2021**

# ВАКЦИНАЦИЈАТА ДОМИНАНТНА ТЕМА

**Ковид-19 вакцинацијата**, во текот на април, беше доминантна тема во македонските медиуми.

На најголемиот агрегатор на вести во земјава (**time.mk**) имаше вкупно **12.797** вести поврзани со имунизацијата.

Во просек, дневно беа објавувани над **400**-тини новинарски прилози.

| Месец | Број |
|---|---|
| АПРИЛ | 12797 |
| МАРТ | 15161 |
| ФЕВРУАРИ | 12094 |
| ЈАНУАРИ | 8780 |

Застапеност на вакцинацијата во медиумите на агрегаторот **time.mk** [ јануари – април 2021 ]



Во новинарските прилози за имунизацијата главен акцент беше ставен на вакцинацијата на населението во земјава и на набавката на вакцини.

Медиумите објавуваа и информации за карактеристиките на вакцините и за можните несакани манифестации врз здравјето на луѓето.

Имаше прилози и за реакциите на определени групи граѓани кои не се предвидени како приоритетни за вакцинација.

Во известувањето доминираат информации и изјави, додека анализите се ретко застапени.

На **time.mk** беа регистрирани 97 содржини поврзани со антиваксерите.

Зголемениот број објави во април се должи главно на акцијата на апсењето на неколку антиваксери во Србија.

Министерот за здравство, Венко Филипче е доминантен извор на информации.

| ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ |
|---|---|---|---|
| 3800 | 2366 | 1587 | 4159 |

Застапеноста на министерот Филипче во медиумите на агрегаторот **time.mk** [ јануари – април 2021 ]

| Месец | Број |
|---|---|
| АПРИЛ | 97 |
| МАРТ | 17 |
| ФЕВРУАРИ | 13 |
| ЈАНУАРИ | 25 |

Застапеност на антиваксерите во медиумите на агрегаторот **time.mk** [ јануари – април 2021 ]

#КОВИДИМУНОМЕТАР

НВО ИНФОЦЕНТАР